**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА**

**КОМИСИЈА**

Врз основа на член 31 став (2) точка (16) во врска со член 161 од Изборниот законик на Република Македонија (Сл. весник на РМ бр. 40/06,136/08,148/08,155/08,163/08,44/11 и 51/11) Државната изборна комисија на седницата одржана на 13.10.2011 година донесе

# К О Д Е К С

## за правилата за набљудување на предвремените избори за градоначалник на општина Сарај 2011 година

Кодексот има за цел да ги утврди правилата за набљудување на изборите и изборната постапка и процедурата за вршење на набљудувачката мисија на акредитираните набљудувачи, а во функција да се подобри интегритетот и транспарентноста на изборниот процес.

### 1. ПРАВИЛА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

Правилата се збир на практични насоки за спроведување на набљудувањето на изборите и изборната постапка:

- Акредитираните набљудувачи треба да го познаваат и да ги почитуваат одредбите на Изборниот законик и овој Кодекс и да се придржуваат кон Изборниот законик и овој кодекс со кои се уредува постапката за предвремените избори за градоначалник на општина Сарај
- Акредитираните набљудувачи треба да се непристрасни во извршувањето на своите должности и не смеат да изразат пристрасност кон изборните органи, политичките партии, група избирачи, кон кандидатите или по какво било спорно прашање во изборниот процес;
- Акредитираните набљудувачи не смеат да се мешаат во изборниот процес, во постапката на денот на изборите како и во постапката при броењето на гласовите;
- Акредитираните набљудувачи имаат обврска да го носат овластувањето - беџ издаден од Државната изборна комисија, како и лична исправа;
- Акредитираните набљудувачи не смеат да носат никакви партиски симболи или ознаки;
- Акредитираните набљудувачи не смеат да даваат упатства на гласачите, изборните органи, партиските претставници и овластените службени лица или да влијаат на работата и одлуките на изборните органи;
- Акредитираните набљудувачи своите заклучоци треба ги засноваат на документирани и потврдени факти.

## 2. УТВРДУВАЊЕ НА ПРОЦЕДУРАТА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ И ИЗБОРНАТА ПОСТАПКА

Право да достават барање за стекнување својство на набљудувач до Државната изборна комисија имаат:

- Домашни здруженија и странски организации, кои се регистрирани согласно закон, најмалку една година пред денот на одржување на изборите, а во чии статути е вклучено начелото на заштита на човекови права,
- меѓународни организации и
- претставници на странски земји

Барањата за набљудување со потребните исправи за идентификација се доставуваат до Државната изборна комисија од денот на распишувањето на изборите, а најдоцна десет дена пред денот на гласањето.

Државната изборна комисија им издава овластување-беџ на набљудувачите најдоцна седум дена по приемот на барањето.

Организациите и лицата кои се стекнале со својство на акредитирани набљудувачи можат да вршат набљудување на целиот изборен процес откако ќе го добијат овластувањето-беџот од Државната изборна комисија

Државната изборна комисија има право да им го одземе овластувањето-беџот на субјектите од став 1 на оваа точка, ако започнат да изразуваат поддршка за некој кандидат, партија или коалиција.

Само акредитираните набљудувачи можат да информираат за текот на изборниот процес и активностите поврзани со неговото набљудување.

При посетата на седиштата на изборните органи и на избирачките места, набљудувачите ги покажуваат: копијата од овластувањето за набљудување и беџот издадени од Државната изборна комисија и исправа за лична идентификација.

## 3. ИЗГЛЕД НА БЕЏОТ

Државната изборна комисија на набљудувачите им издава беџови како исправа за идентификација.

Беџовите имаат правоаголен облик.

На левиот горен дел е знамето на Република Македонија, а на десниот горен дел стои текст "Република Македонија, Државна изборна комисија, ,,Предвремени избори за градоначалник на општина Сарај 2011 '.

За домашните набљудувачи, во долниот дел на беџот, во средина, на (____боја_______) подлога стои текст „акредитиран набљудувач" и следи името и презимето на набљудувачот.

За меѓународните набљудувачи, во долниот дел на беџот, во средина, на (____боја______) подлога стои текст „акредитиран набљудувач" и следи името и презимето на набљудувачот.

За преведувачите, во долниот дел на беџот, во средина, на бела подлога стои текст „преведувач" и следи името и презимето на преведувачот.

На предната страна на беџот, во десниот долен агол, на бела подлога стои текстот:

'Државна изборна комисија, Претседател Борис Кондарко'.

Врз текстот стои печат на Државната изборна комисија.

4. Беџовите за општината Сарај во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, се на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на службениот јазик и писмото што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во таа општина.

Државната изборна комисија ќе донесе Упатство со кое, врз основа на барањата на набљудувачите, ќе им издава беџови.

5. Овој Кодекс влегува во сила со денот на донесувањето и истиот ќе се објави на интернет страницата на Државната изборна комисија www.sec.mk

Број 11-3381/1

14.10.2011 година

СКОПЈЕ

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
БОРИС КОНДАРКО

Изработил:Биљана Ризова

Одобрил:Биљана Стојановска